XVI^e Congrès de la Conférence des Cours constitutionnelles européennes
XVI^th Congress of the Conference of European Constitutional Courts
XVI. Kongress der Konferenz der Europäischen Verfassungsgerichte
XVI Конгресс Конференции европейских конституционных судов

# Rapport national / National report / Landesbericht / национальный доклад

RÉPUBLIQUE DE MACÉDOINE / REPUBLIC OF MACEDONIA / REPUBLIK MAZEDONIEN / РЕСПУБЛИКА МАКЕДОНИЯ

The Constitutional Court of the Republic of Macedonia
Уставен Суд на Република Македонија

langue maternelle / native language / Muttersprache / родной язык

**УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# ОДГОВОРИ
## на прашалникот за XVI Конгрес на Конференцијата на европските уставни судови (2014)

## „Соработка на уставните судови во Европа – постојна состојба и перспективи“

**Скопје, септември 2013**

## СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| **I. УСТАВНИТЕ СУДОВИ ПОМЕЃУ УСТАВНОТО ПРАВО И ЕВРОПСКОТО ПРАВО** | |
| **1. Дали Уставниот суд со закон е обврзан во вршењето на својата работа да го зема предвид европското право?** | **4** |
| **2. Дали постојат примери кога Уставниот суд цитирал меѓународни извори на правото?** | **8** |
| **3. Дали постојат посебни одредби од уставното право кои наметнуваат правна обврска на уставниот суд да ги зема предвид одлуките на европските судови?** | **14** |
| **4. Дали јуриспруденцијата на уставниот суд во практиката е под влијание на јуриспруденцијата на европските судови?** | **14** |
| **5. Дали уставниот суд во своите одлуки редовно упатува на јуриспруденцијата на Судот на правдата на Европската унија и/или на Европскиот суд за човекови права? Кои се најзначајните примери?** | **17** |
| **6. Дали постојат примери на дивергентност во одлуките донесени од страна на уставниот суд и оние на европските судови?** | **17** |
| **7. Дали другите национали судови исто така ја земаат предвид јуриспруденцијата на европските судови како резултат на тоа што Уставниот суд во своите одлуки води сметка за таа практика?** | **17** |
| **8. Дали постојат примери кога врз одлуките на европските судови влијаела јуриспруденцијата на националните уставни судови?** | **20** |

| | |
|---|---|
| **II. ИНТРАКЦИИ ПОМЕЃУ УСТАВНИТЕ СУДОВИ** | |
| **1. Дали уставниот суд во своите одлуки упатува на јуриспруденцијата на другите европски и не-европски уставни судови?** | **20** |
| **2. Доколку да, дали уставниот суд има тенденција да упати првенствено на судската практика од истото јазично подрачје?** | **20** |
| **3. Во кои гранки од правото (граѓанско, кривично, јавно право) уставниот суд најчесто упатува на јуриспруденцијата на другите европски и не-европски уставни судови?** | **21** |
| **4. Дали одлуките на уставниот суд имале забележливо влијание врз судската практика на странските уставни судови?** | **21** |
| 5. **Дали постојат форми на соработка кои одат над взаемното признавање на судската практика**? | **21** |
| **III. ИНТЕРАКЦИИ НА ЕВРОПСКИТЕ СУДОВИ ВО ЈУРИСПРУДЕНЦИЈАТА НА УСТАВНИТЕ СУДОВИ** | |
| **1. Дали упатувањето на правото на Европската унија или упатувањето на одлуките на Судот на правдата на европската унија во јуриспруденцијата на Европскиот суд за човекови права има влијание врз јуриспруденцијата на уставниот суд?** | **22** |
| **2. Како јуриспруденцијата на уставните судови влијае на врската помеѓу Европскиот суд за човекови права и Судот на правдата на Европската унија?** | |
| **3. Дали разликите помеѓу јуриспруденцијата на Европскиот суд за човекови права од една и Судот на првдата на Европската унија од друга страна, има влијание врз јуриспруденцијата на уставниот суд?** | |

# I. УСТАВНИТЕ СУДОВИ ПОМЕЃУ УСТАВНОТО ПРАВО И ЕВРОПСКОТО ПРАВО

## 1. Дали Уставниот суд со закон е обврзан во вршењето на својата работа да го зема предвид европското право?

1. Република Македонија е член на Советот на Европа од 9 ноември 1995 година и досега има пристапено кон 89 Конвенции на Советот на Европа. На 10 април 1997 година во однос на Република Македонија стапи во сила Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи, со што Република Македонија се обврза највисоките европски стандарди за заштита на човековите слободи и права да им ги гарантира на сопствените граѓани. Република Македонија активно соработува со сите органи и тела на Советот на Европа и ги исполнува своите обврски кои произлегуваат од конвенциите кои има пристапено.

Уставно правниот основ за примена на Конвенциите на Советот на Европа вклучително и на Европската конвенција за човекови слободи и права од страна на судовите во Република Македонија, се следниве одредби од Уставот на Република Македонија[1]: членот 8 кој ги утврдува темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија, и во кој, меѓу другите, како темелни вредности се утврдени и *основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот* (член 8 став 1 алинеја 1) како и *почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право* (член 8 став 1 алинеја 11); потоа Амандман XXV од Уставот кој се однесува на судството и во кој е определено дека: *„Судовите се самостојни и независни. Судовите судат врз основа на Уставот и законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот“;* и членот 118 од Уставот кој определува дека: *„Меѓународните договори што се ратификувани во согласност со Уставот се дел од внатрешниот правен поредок и не можат да се менуваат со закон“*.

Од наведените одредби произлегува дека покрај Уставот и законите, и меѓународните договори претставуваат составен дел на внатрешниот правен поредок, односно извор на правото и нив согласно уставната одредба од Амандманот XXV, судовите ги применуваат во остварувањето на нивната функција. Меѓународните договори како дел од внатрешниот поредок се автоматски инкорпорирани во внатрешниот

[1] Уставот на Република Македонија е донесен на 17 ноември 1991 година, врз основа на резултатите од референдумот одржан на 8 септември 1991 со кој Република Македонија стана самостојна држава.

правен поредок на Република Македонија и се директно применливи од страна на македонските судови.

Од двете цитирани одредби од Уставот произлегува и хиерархиската поставеност на меѓународните договори во однос на Уставот на Република Македонија и законите. Со оглед на тоа што според одредбата од членот 118 од Уставот меѓународните договори не можат да се менуваат со закон, произлегува дека тие хиерархиски стојат повисоко од домашните закони, но пониско од Уставот на Република Македонија.

Што се однесува до надлежноста на Уставниот суд во однос на меѓународните договори, треба да се спомене член 110 од Уставот според кој *Уставниот суд на Република Македонија одлучува, меѓу другото, за согласноста на законите со Уставот и за согласноста на другите прописи и колективните договори со Уставот и законите*. Во досегашната уставно-судска практика доминира становиштето дека со оглед на тоа што во наведената одредба не е предвидена изрично надлежност на Судот во однос на меѓународните договори, истите не можат да бидат предмет на оценка пред Уставниот суд, ниту пак можат да бидат критериум за оценување на согласноста на законите со меѓународните договори. Поради тоа во досегашната уставно-судска практика, Уставниот суд не се впушта во нивна мериторна оценка и иницијативите поднесени во оваа смисла ги отфрла поради ненадлежност. Уставниот суд смета дека со оглед на тоа што според Уставот, надлежен орган за склучување на меѓународните договори е Собранието на РМ, тоа ја врши и оценката за согласноста на меѓународните договори со Уставот, во постапката на ратификација на меѓународниот договор.

2. Што се однесува до меѓународните договори за човекови права, особено Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи, Уставниот суд ги користи и редовно ги цитира во своите одлуки или решенија со кои се третираат прашања поврзани со човековите слободи и права како дополнителен аргумент за уставноста или законитоста на актот што е предмет на оценка. На судската-практика на Европскиот суд за човекови права, Уставниот суд се повикал во повеќе предмети (пр. за Законот за следењето на комуникациите, за доживотниот затвор, за Законот за јавните собири, за слободата на изразувањето на адвокатите и сл.). За ова подетално во одговорот на прашањето бр. 2

Одговорот на прашањето дали Уставниот суд може да заснова своја одлука на одредба содржана само во Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи, мора да се бара во смислата на принципот на уставноста и законитоста. Во

овој контекст значајно е да се истакне дека според Уставот на Република Македонија, смислата и значењето на принципот на уставноста и зконитоста, чија заштита спаѓа во надлежност на Уставниот суд на Република Македонија, е меѓу другото, да се обезбеди согласност на законите со Уставот и согласност на другите прописи и општи акти со Уставот и законите, а не и со Европската конвенција или другите меѓународни акти кои ги ратификувала или кон кои пристапила Република Македонија.

Според тоа, единствената рамка и границите во кои Уставниот суд се движи при оценување на согласноста на законите со Уставот и на согласноста на другите прописи и акти со Уставот и законите, се Уставот и законите на Република Македонија, така што уставниот суд е нормативно-правно ограничен своите одлуки за уставноста и законитоста да ги заснова единствено и исклучиво на одредбите на Европската конвенција. Меѓутоа, со оглед на тоа што голем дел од правата од Конвенцијата се гарантирани и со Уставот, Уставниот суд практикува во образложението на своите одлуки да утврди, односно да декларира дека оспорениот закон, друг пропис или општ акт е во согласност или не, освен со Уставот или законите на Република Македонија, и со одредбите од Конвенцијата. На тој начин одредената одредба од Конвенцијата се користи како дополнителен и поцврст аргумент за уставноста, односно законитоста на актот што е предмет на оцена пред Судот, а не и како единствен основа и аргумент за донесување на одлуката.

Значаен чекор напред во примената на Европската конвенција од страна на Уставниот суд беше направен со Одлуката У.бр.31/2006 од 1 ноември 2006 година, со која беше укината одредба Законот за јавните собири за ограничување на одржување на јавен собир. Во оваа одлука Судот укажа дека уставните права треба да се интерпретираат во контекст на Европската конвенција за човековите права, и дека Европската конвенција и практиката на Европскиот суд за човекови права треба да претставуваат не само дополнителен аргумент, туку и критериум за интерпретација на Уставот:

*„Поаѓајќи од член 8 став 1 алинеја 1 од Уставот, според која една од темелните вредности на уставниот поредок се и основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот, имајќи го предвид значењето на Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи не само како дел од внатрешниот правен поредок на Република Македонија, туку поради општите принципи на кои се потпира и ги промовира, Судот оцени дека интерпретацијата на член 21 од Уставот треба да се потпира на тие општи правни принципи“.*

Во овој предмет, при градењето на аргументацијата беше искористен тестот на пропорционалност што го употребува Судот во Стразбур, при што Судот најде дека оспорената одредба: *„не е во согласност со Уставот, а во врска со Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи“*.

3. Во однос на правото на Европската унија, треба да се укаже дека Република Македонија не е членка на Европската унија, така што во овој предпристапен период за Република Македонија не важат општите принципи на правото на Европската унија за директен ефект и супрематија на тоа право во внатрешниот поредок. Тоа значи дека правото на ЕУ нема директно правно обврзувачко дејство во правниот поредок на Република Македонија освен одредбите содржани во договорите кои се однесуваат на односот на Република Македонија и Европската унија. Таков договор односно инструмент кој ги регулира односите помеѓу Република Македонија и Европската унија е Спогодбата за стабилизација и асоцијација[2].

Но и во врска со овој договор, во Уставниот суд доминира становиштето дека Уставниот суд не е надлежен да ја оценува согласноста на законите и подзаконските акти со САА.

Уставниот суд со **Решение У.бр.132/2005** од 16 ноември 2005 година, ја отфрли иницијативата со која се бараше да се испита согласноста на одредби од Законот за акцизи со Спогодбата за стабилизација и асоцијација ("Службен весник на Република Македонија" бр.28/2001). Подносителот на иницијативата сметаше дека оспорените одредби од Законот за акцизи се спротивни на Спогодбата за стабилизација и асоцијација во која изричито било забрането да се воведуваат нови царински давачки и мерки со ист ефект врз производите кои се увезуваат од Европската заедница. Судот ја отфрли иницијативата со образложение дека не е надлежен да ја оценува согласноста на законите со меѓународните договори

Слично и во поглед на оценката на согласноста на подзаконските акти со САА. Уставниот суд со **Решение У.бр.5/2005** од 16 ноември 2005 година, ја отфрли иницијативата со која се бараше оценување на согласност на подзаконски акт со Спогодбата за стабилизација и асоцијација а во врска со квантитативните ограничувања на увозот и мерките кои имаат исто влијание врз увозот на Република Македонија за производите што потекнуваат од Заедницата.

[2] Спогодбата за стабилизација и асоцијација беше склучена во 2001 година, а стапи во сила во 2004 година.

Судот укажа дека: „*Со оглед на тоа што со иницијативата се бара Уставниот суд да ја оценува согласноста на оспорениот подзаконски акт со одредби на еден меѓународен договор, односно со Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европската заедница и нејзините земји членки, ратификувана со Закон, според Судот Уставниот суд не е надлежен да ја оценува согласноста на подзаконскиот акт со содржината на меѓународниот договор. Според Судот, Уставниот суд не е надлежен да ја оценува содржината на меѓународните договори, а со тоа ниту согласноста на подзаконскиот акт со меѓународните договори од причина што оцената за согласноста на меѓународните договори со Уставот ја врши Собранието на Република Македонија во постапката на ратификација на меѓународниот договор, кој по неговото ратификување станува дел од внатрешниот правен поредок, а со тоа и директно извршлив“.*

Што се однесува пак до секундарното законодавство на Унијата (директиви, регулативи) Уставниот суд, во своите одлуки се почесто се повикува на различни директиви и регулативи, односно постои тенденција во Уставниот суд на Република Македонија на т.н. „европријателско“ толкување на домашното законодавство, односно толкување на домашното хармонизирано законодавство во согласност со европските правила транспонирани во домашното право.

Пр. во **Решението У.бр.13/2009** од 18 ноември 2009 година, укажал дека: „*Република Македонија како земја кандидат за европско членство и потписник на Спогодбата за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Македонија и Европските заедници и нејзините земји членки (“Службен весник на Република Македонија” број 28/2001), согласно членот 68 од Спогодбата, е обврзана да го хармонизира законодавството на Република Македонија со законодавството на Европската унија. Во таа насока, заради постигнување на задоволително ниво на усогласеност со Европското законодавство, во содржината на текстот на Законот за концесии и други видови на јавно приватно партнерство, соодветно е имплементирана Директивата 2004/18/ЕЗ од 31 март 2004 година“.*

**2. Дали постојат примери кога Уставниот суд цитирал меѓународни извори на правото, како што се**

**а) Европската конвенција за човековите права,**

**б) Повелбата за основните права на Европската унија,**

**в) други инструменти од меѓународното право на Европско ниво,**

**г) други инструменти од меѓународното право на меѓународно ниво?**

Како што беше наведено во одговорот на претходното прашање, Уставниот суд на Република Македонија во вршењето на своите функции, односно надлежности за апстрактна уставно судска контрола како и во непосредната уставно-судска заштита на одделни права на граѓанинот ги применува и меѓународните извори на правото и тоа најчесто Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи (*за конкретни примери види одговор на прашањето под бр.4).*

Уставниот суд во својата работа се повикува и цитира одредби и од **универзалните документи** за човекови права како што се Универзалната декларација за човековите права, Меѓународниот пакт за граѓански и политички права[3], Меѓународниот пакт за економски социјални и културни права[4], Конвенцијата за правата на детето[5], конвенциите на Меѓународната организација на трудот, Женевските ковенции од 1949, статутите на Хашкиот трибунал[6] и Меѓународниот кривичен суд[7], Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал[8] и други.

---

[3] Во одлуката **У.бр.37/2002** од 12 септември 2002 година Уставниот суд утврди дека е противуставна одредбата од Законот за одбрана која предвидуваше можност за алтернативно служење на воениот рок поради приговор на совеста што требаше да се утврдува во посебна постапка пред посебен орган и во определен рок. Во овој предмет Уставниот суд се повика на одредбите од Универзалната декларација за човекови права, Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, Европската конвенција за човекови права.

[4] Во предметот **У.бр.139/2005** од 21 декември 2005 година Уставниот суд утврди дека се спротивни на Уставот одредбите за надоместок на штета во случај на незаконски престанок на работниот однос и се повика на одредбите од Меѓународниот пакт за економски и социјални права и Европската социјална повелба во поглед на правото на работникот на плата.

[5] Во Решението **У.број. 28/2008** од 23 април 2008 година, во врска со уставноста на казната доживотен затвор, при што во поглед на меѓународната регулатива за казната доживотен затвор Уставниот суд се повика на одредбите на член 37 од Конвенцијата за првата на детето кои забрануваат изрекување на казна доживотен затвор на малолетни сторители на кривични дела.Во предметот **У.број. 134/2010** од 18 мај 2011 година, Уставниот суд се повика на членот 15 став 1 од Конвенцијата за правата на детето во врска со правото на детето на слобода на здружување и слобода на мирно собирање. Во предметот **У.број. 132/2007** од 12 декември 2007 година, во врска со правото на задолжително средно образование на децата, а во **У.бр.192/2011** од 30 јануари 2002 година во врска со правото на образование на деца со пречки во развојот.

[6] Уставниот суд се повика на одредбите на Женевските конвенции, Статутот на Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија и Статутот на овој суд во предметот **У.бр.169/2002** од 19 февруари 2003 година при оценката на уставноста на Законот за амнестија во врска со надлежноста за гонење за тешки кршења на меѓународното хуманитарно право. (Подоцна, во **У.бр.155/2007** од 19 декември 2007 и **У.бр.158/2011** од 31 октомври 2012).

[7] Во Решението **У.бр.28/2008** од 23 април 2008 година Уставниот суд се повика на одредбите од Римскиот статут на Меѓународниот кривичен суд во врска со казната доживотен затвор предвидена за тешки кршења на меѓународното хуманитарно право

[8] Во предметот **У.бр.191/2004** од 4 мај 2005 година, Уставниот суд се повика на одредбите на Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал во врска со примената на посебните истражни мерки.

Од меѓународните документи на **регионално односно европско ниво** Уставниот суд во досегашната работа ги применувал, покрај Европската конвенција за човекови права и следниве конвенции: Европската конвенција за правата на детето[9], Европската конвенција за државјанство[10], Европската повелба за регионалните и малцинските јазици[11], Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства, Европската социјална повелба[12], Европската повелба за локална самоуправа, Европската конвенција за посвојување на деца[13], Конвенцијата на Советот на Европа за перење пари, откривање заплена и конфискација на приноси од казниво дело и финансирање тероризам[14], Конвенцијата на Советот на Европа за заштита на деца од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба[15] и др.

Уставниот суд во повеќе предмети на апстрактната контрола се повикувал и на други меѓународни документи усвоени во рамките на Советот на Европа (**резолуции и препораки**), иако тие не се формални извори на правото согласно уставните одредби. Пр. Препораката (2004) 6 за подобрување на домашните правни лекови[16], Препораката (2000) 2

[9] Во Решението **У.бр.133/2004** од 9 февруари 2005, оценувајќи ја уставноста на поголем број одредби од Законот за семејството, Уставниот суд се повика на Европската конвенција за правата на детето во поглед на овластувањето на Центарот за социјална работа за развојот и посебната заштита на децата.

[10] Во Решението **У.бр.76/2004** од 29 септември 2004 година, Уставниот суд се повика н а одредбите од Европската конвенција за државјанство во врска со губењето на државјанство *ex lege* поради измама, лажни податоци или прикривање.

[11] Во предметот **У.бр.23/1997** година Уставниот суд се повика на одредбите на повеќе меѓународни документи за заштита на националните малцинства во врска со правото на настава и образование на јазикот на националностите на Педагошкиот факултет. Судот во овој предмет ги имаше предвид меѓународните документи јшто се однесуваат на правата на припадниците на националностите на образование и на забраната за дискриминација во образованието како што се: Конвенцијата на УНЕСКО против дискриминацијата во образованието; Европската повелба за регионалните и малцинските јазици; Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства, како и Документот за човековата димензија на КЕБС во Копенхаген, од 12 јуни 1990 година.

[12] Во предметот **У.бр.139/2005**, Судот се повика на одредбите од Европската социјална повелба во врска со правото на правична заработувачка

[13] Во наведениот предмет **У.бр.133/2004**, Уставниот суд се повика на одредбите од Европската конвенција за посвојување на деца во поглед на прибирањето податоци за посвоителот и во поглед на т.н адаптивен период при посвојувањето, како и на Европската конвенција за државјанство во поглед на меѓудржавното посвојување и реперкусиите врз државјанството на детето при овој вид на посвојување .

[14] Во предметот **У.бр.26/2011** од 27 јуни 2012 година Уставниот суд се повика на оваа конвенција при оценката на повеќе одредби од Законот за кривичната постапка кои се однесуваат на привремено замрзнување, заплена на имотна корист и задржување на фондови и банкарски сметки.

[15] Во решението **У.бр.86/2012** од 9 мај 2013 година, со кое Уставниот суд поведе постапка за оценување на уставноста на дел од одредбите од Законот за за посебен регистар на лица осудени со правосилна пресуда за кривични дела за сексуална злоупотреба на малолетни лица и педофилија.

[16] Во предметот **У.бр.104/2008** од од 20 ноември 2008 година Уставниот суд утврди дека воведувањето на правното средство за заштита на правото на судење во разумен рок во

во врска со повторното разгледување или повторно отварање на одредени случаи на национално ниво по пресудите на Европскиот суд за човекови права[17], Препораката 2007/14 во врска со правниот статус на невладините организации во Европа[18] и др.

При апстрактната контрола на уставноста на закони, особено на оние од областа на изборите и избирачкото право, Уставниот суд на Република Македонија се повикува и на **документи усвоени од страна на Венецијанската комисија** на Советот на Европа, како на пример, „Кодексот на добро однесување во изборните прашања[19]".

Иако Република Македонија не е членка на Европската унија поради што и Уставниот суд не е формално-правно обврзан да го применува **правото на ЕУ**, Уставниот суд се почесто во својата практика се повикува на прописи што се дел од комунитарното право на Европската унија (**директиви и регулативи на ЕУ**).

Во предметот **У.бр.26/2009** од 15 април 2009 година, Судот ја оценуваше одредбата од Законот за електронските комуникации, која се однесува на правото на правна заштита против решението на директорот на Агенцијата за електронските комуникации. Судот укажа на следново:

*„И покрај тоа што директивите на Европската унија како супранационално право не се дел од правниот поредок односно не се извор на правото во Република Македонија, и како такви не се предмет на оценка пред Уставниот суд, Судот сепак, во поткрепа на своето правно становиште, ја имаше предвид Директивата 2002/21/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 7 март 2002 година за заедничка регулаторна рамка за електронските комуникациони мрежи и услуги (Рамковна директива)...'*

---

надлежност на Врховниот суд е во согласност со Уставот, при што Судот ја имаше предвид и **Препораката (2004) 6 за подобрување на домашните правни лекови**.

[17] Во предметот **У.бр.35/2006** од 13 септември 2006 година Уставниот суд утврди дека е во согласност со Уставот воведувањето на ново вонредно правно средство – повторување на постапката по повод конечна пресуда на Европскиот суд за човекови право во Стразбур, при што ја имаше предвид и препораката **Препорака (2000) 2 во врска со повторното разгледување или повторно отварање на одредени случаи на национално ниво по пресудите на Европскиот суд за човекови права**.

[18] Во предметот **У.бр.134/2010** од 18 мај 2011 година Уставниот суд при оценувањето на уставноста на одредби од Законот за здруженија и фондации кои се однесуваа на правото на малолетни лица да основаат и да членуваат во здруженија ја имаше предвид **Препораката 2007/14 во врска со правниот статус на невладините организации во Европа.**

[19] Во Предметот У.бр.48/2012 од 20 ноември 2012 година, Уставниот суд го анализираше прашањето за еднаквоста на избирачкото право во контекст на гласањето на дијаспората, при што се повика на **Кодексот на добро однесување во изборните прашања на Венецијанската комисија,** како и во предметот У.бр.61/2011 од 18 мај 2011, при оценувањето на уставноста на одредбата од Изборниот законик во врска со големината на изборните единици и дозволеното отстапување во бројот на избирачите.

Во **Решението У.бр.13/2009** од 18 ноември 2009 година, укажал дека: *„Република Македонија како земја кандидат за европско членство и потписник на Спогодбата за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Македонија и Европските заедници и нејзините земји членки ("Службен весник на Република Македонија" број 28/2001), согласно членот 68 од Спогодбата, е обврзана да го хармонизира законодавството на Република Македонија со законодавството на Европската унија. Во таа насока, заради постигнување на задоволително ниво на усогласеност со Европското законодавство, во содржината на текстот на Законот за концесии и други видови на јавно приватно партнерство, соодветно е имплементирана Директивата 2004/18/ЕЗ од 31 март 2004 година".*

Други примери во кои Уставниот суд се повикал на одделни директиви и регулативи на ЕУ се следниве: [20]

[20] - Во предметот **У.број. 162/2009** од 15 септември 2010 година, Уставниот суд при оценката на уставноста и законитоста на подзаконски акт за цените на електричната енергија, се повика на **Договорот за основање на Енергетската Заедница,** ратификуван од Собранието на Република Македонија со Законот за ратификација на Договорот за основање на Енергетската Заедница ("Службен весник на Република Македонија", број 28/2001), а со тоа и Директивата 2003/54/ЕС на Европскиот парламент и на Советот од 26 јуни 2003 година, чии одредби се однесуваат на основањето, надлежностите и начинот на работа на регулаторното тело во областа на енергетиката.
- Во предметот **У.број. 130/2012** од 26 декември 2012 година, при оценката на уставноста на одредби од Законот за превоз во патниот сообраќај, се повика на **Директивата на Европската унија со која се регулира превозот на патници и стока во патниот сообраќај**.
- Во предметот **У.бр. 30/2012** од 27 јуни 2012 година, при оценувањето на уставноста на одделни одредби од Законот за јавните набавки, Уставниот суд укажа дека Република Македонија како земја кандидат за членство во Европската Унија и потписник на Спогодбата за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Македонија согласно член 68 е обврзана да го хармонизира односно усогласи националното законодавство со Европското законодавство, покрај другото и со соодветните прописи кои ја регулираат областа на јавни набавки односно со **Директивата 2004/18/ЕЗ** од 31 март 2004 година.
- Во предметот **У.бр. 207/2010** од 21 декември 2011 година, Уставниот суд при оценување на уставноста на одредбите од Законот за оружјето , се повика на **Директивата за контрола на набавување и поседување на оружје 91/477/ЕЕЗ**, усвоена од Европскиот совет на 18.06.1991 година, во поглед на условите кои поединецот треба да ги исполни за набавка на оружје.
- Во предметот **У.број. 48/2011** од 2 ноември 2011 година, при оценувањето на уставноста на одредби од Законот за енергетика, Уставниот суд се повика на меѓународната регулатива за пазарот на природниот гас - **Директивата на ЕУ за Внатрешниот пазар на природен гас бр.2003/55,** која Република Македонија има обврска да ја имплементира во националното законодавство според Договорот за основање на енергетска заедница („Службен весник на Република Македонија" бр.59/2006, како и на **Директивата за Внатрешниот пазар на природен гас 2009/73 од "третиот енегетски пакет"**.

- Во предметот **У.бр.174/2010** од 14 септември 2011 година и У.бр.148/2011 од 19 октомври 2011 година, оценувајќи ја уставноста на одредбите за медијација од Законот за работните односи, се повика на законодавството на Европската унија во врска со медијацијата, односно на **Директивата на Европскиот парламент и Советот (2004/0251)**.
- Во предметот **У.бр. 100/2011** од 6 јули 2011 година, при оценувањето на уставноста на одредби од Законот за супервизија на осигурувањето, Уставниот суд се повика на **Директивата 2002/92 ЕС на Советот на Европа за осигурително посредување** (9 декември 2002 година).
- Во предметот **У.бр.160/2010** од 29 јуни 2011, во кој се оценуваа одредби од Законот за безбедност и здравје при работа кои се однесуваат на домашните помошнички, Уставниот суд се повика на **Директивата на Советот 89/391/ЕЕЗ** донесена на 12 јуни 1989 година за воведување мерки за да се потикне подобрувањето на безбедноста и здравјето на работниците на работното место која е донесена согласно членот 118-а од Договорот за основање на Европската економска заедница.
- Во предметот **У.бр.187/2009** од 24 февруари 2010 година, при оценувањето на уставноста на одредбите од Законот за задолжително осигурување во сообраќајот кои се однесуваат на меѓународното осигурување, односно т.н. зелена карта, Уставниот суд се повика и на одредби од **Директивата 72/166/ЕЕС** од 24 април 1972 година (новелирана со **Директивите 84/5/ЕЕС**, 90/232/ЕЕС и 2000/26/ЕЕС), и **Препораката** број 5 усвоена на 25 јануари 1949 година од Патно-транспортниот Подкомитет на Сувоземниот Транспортен Комитет на Економската Комисија на Обединетите Нации за Европа.
- Во предметот **У.број.212/2009** од 27 јануари 2010 година, при оценување на уставноста на одредби од Законот за превоз во патниот сообраќај, се повика на **Директивата на Европската унија со која се регулира превозот на патници и стока во патниот сообраќај**.
- Во предметот **У.бр.13/2009** од 18 ноември 2009 година, оценувајќи ја уставноста на одредби од Законот за концесии и други видови на јавно приватно партнерство, Судот се повика на **Директивата 2004/18/ЕЗ** од 31 март 2004 година, во поглед на одредбите што се однесуваат за потребната документација и условите кои треба да ги исполнат понудувачите или кандидатите при спроведување на постапката за концесија/јавно приватно партнерство.
- Во предметот **У.бр.38/2009** од 9 септември 2009 година, Уставниот суд ја оценуваше уставноста на одредби од Законот за данокот на додадена вредност и во поглед на мерките за сузбивање на даночните измами, односно спречување на евазија на даночниот систем, се повика на **Директивата 2006(112) ЕЗ** на Советот на Европа од 28 ноември 2006 година.
- Во предметот **У.бр.236/2008** од 17 јуни 2009 година, оценувајќи одредби од Законот за енергетика, се повика на **Договорот за основање на енергетската заедница** како и на **ЕЗ Директиви бр.2003/54 и 2003/55** и на **Регулатива бр.1228/2003** на ЕЗ од 26 јуни 2003 година, **во поглед на статусот и надлежностите на регулатроните органи во оваа сфера**.
- Во предметот **У.бр.97/2008** од 8 октомври 2008 година, оценувајќи одредби од Законот за акцизиите, Уставниот суд се повика на **Структурната Директива на Европската унија за акцизиите на алкохолот**, во врска со можноста за ослободување од акцизии за производителите на пиво и вино за домашна употреба и за нестопански цели.
- Во предметот **У.бр.180/2007** од 16 јануари 2008 година, Уставниот суд оценувајќи ја уставноста на неколку одредби од Законот за градежните производи, оцени дека со нив се имплементира **Директивата 89/106 ЕЕЦ** која се однесува на градежните производи во домашното законодавство и дека со оспорениот закон, за прв пат по осамостојувањето на Република Македонија, се усогласува материјата во областа на градежништвото со законодавството на Европската Унија, како и се создаваат услови за пласман на домашните градежни производи на европскиот пазар.
- Во предметот **У.бр.190/2004** од 19 октомври, оценувајќи одредби од Законот за јавните набавки, Судот се повика на **Директивата 2002/17/ЕЗ** од 31 март 2004 година).
- Во предметот **У.бр.30/2005** од 9 ноември 2005 година, Уставниот суд ја оценуваше уставноста на неколку одредби од Законот за заштита на личните податоци и утврди дека статусот на Дирекцијата за заштита на личните податоци, е уреден на начин што е компатибилен со **Директивата 94/ЕС и 95/ЕС** на Европскиот парламент и Советот на министри на европската заедница која се однесува на заштита на податоците во однос на обработката на личните податоци и слободниот проток на таквите податоци.

**3. Дали постојат посебни одредби од уставното право кои наметнуваат правна обврска на уставниот суд да ги зема предвид одлуките на европските судови?**

Како што беше наведено погоре, согласно одредбата од Амандманот XXV на Уставот на Република Македонија, судовите судат врз основа на Уставот и законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот. Според тоа, судската практика односно прецедентното право не претставува извор на правото во Република Македонија, така што и не постои уставна одредба која би го обврзувала Уставниот суд на Република Македонија да ги зема предвид одлуките на европските судови на правдата.

**4. Дали јуриспруденцијата на уставниот суд во практиката е под влијание на јурсипруденцијата на европските судови?**

Меѓутоа, под влијание на меѓународното право, посебно меѓународното право за човековите права и особено на Европската конвенција за човековите права, Уставниот суд се почесто во својата работа, како при апстрактана контрола на уставноста на законите, така и во постапките за непосредна заштита на човековите права и слободи, се почесто ја применува јуриспруденцијата на Европскиот суд за правата на човекот. Оваа практика на Уставниот суд еволуираше постепено.

Уставниот суд директно се повика на практиката на Европскиот суд за човековите права (*Leger v. France*, пресуда од 11 април 2006 година, *Kafkaris v. Cyprus,* пресуда на Големиот судски совет од 12 февруари 2008) во **Решението У.бр.28/2008** од 23 април 2008 година, со кое не поведе постапка за оценување на уставноста на одредбите од Кривичниот законик кои се однесуваат на казната доживотен затвор. Во овој предмет, Уставниот суд при оценката на согласноста на казната доживотен затвор со уставните гаранции за правото на живот, забраната на мачење и друго сурово и нечовечко постапување и казнување и правото на слобода и безбедност на личноста, ги примени истите критериуми што ги применил Европскиот суд за човекови права во Стразбур, а тоа се критериумот за редуктибилност на казната, односно дали осуденикот на оваа казна има изгледи за отпуштање или не. Уставниот суд на Република Македонија оцени дека: „*Со самиот факт што осудениот на оваа казна може да бара условен отпуст, под услови точно предвидени во Кривичниот законик, односно по издржани 15 години затвор, произлегува дека осуденикот на оваа казна не е однапред лишен од каква и да било можност, односно шанса за отпуштање од натамошно издржување на казната*“, поради што оцени дека казната доживотен затвор е во согласност со Уставот.

Во наведеното решение, Уставниот суд покрај Европската конвенција за човекови права и практиката на Европскиот суд за човекови права, цитираше и анализираше повеќе други меѓународни документи како што се: Конвенцијата за правата на детето, Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, Римскиот статут на Меѓународниот кривичен суд, Стандардните минимални правила за третман на осудените лица, Препораката (76) 2 на Комитетот на Министри на Советот на Европа усвоена во 1976 година за третманот на затворениците осудени на долготрајни затворски казни, Препораката 2003(22) на Комитетот на министри до земјите членки за условен отпуст и Препораката 2003 (23) за менаџирање од страна на затворските управи на доживотната казна затвор и осудените на долготрајни казни. Во Решението исто така беше даден приказ и анализа на компаративните решенија на повеќе европски земји во кои постои казната доживотен затвор.

Уставниот суд во предметот **У.број. 194/2008** од 25 март 2009 ја оценуваше уставноста на одредбата од Законот за парничната постапка која што предвидуваше можност за казнување на странките и нивните адвокати поради злоупотреба на процесните права. Уставниот суд се повика на случаите *Kiprianou v. Cyprus* и *Nikula v. Finland* и на општите принципи за слободата на изразувањето на адвокатите и можностите за нејзиното ограничување. Судот укажа дека:

*„Од анализата на судската практика на Европскиот суд за човекови права произлегува дека тој Суд, согласно членот 10 став 2 од Конвенцијата, допушта постоење на легитимни основи за ограничување на слободата на изразувањето, меѓу другото, и заради зачувување на авторитетот и непристрасноста на судството. Легитимноста на ограничувањата Судот ги оценувал преку оценката, во конкретните случаи, на нивната неопходност во едно демократско општество, односно дали истите задоволуваат неопходна општествена потреба и дали мерките се пропорционални“.*

Во предметот **У.број. 139/2010** од 15 декември 2010 година судот поништи неколку одредби од Законот за електронските комуникации кои се однесуваа на тајното следење на комуникациите, применувајќи ја практиката на Европскиот суд за човекови права во поглед на критериумите за оценката на повредата на приватноста (член 8 од Конвенцијата) преку следење на комуникациите. Во образложението на Одлуката Судот укажа:

*„Поаѓајќи од член 8 став 1 алинеја 1 од Уставот, а имајќи го предвид значењето на Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи не само како дел од*

*внатрешниот правен поредок на Република Македонија, туку поради општите принципи на кои се потпира и ги промовира, Судот укажува дека интерпретацијата на релеватните уставни одредби треба да се потпира на тие општи правни принципи, содржани во Конвенцијата и интерпретирани во праксата на Судот за човекови права во Стразбур, што впрочем е веќе изразен став на Судот во одлуката У.бр.31/2006 од 1 ноември 2006 година и решението У.бр.28/2008 од 23 април 2008 година.*

*Судот во Стразбур, во конкретниот случај, по однос на повредата на приватноста сторена преку следење на комуникациите, има богата практика која се сублимира во случајот 25198/02, Iordachi and others v.Moldova. Во наведениот случај Судот во Стразбур го потврдува својот претходно изразен став од одлуката за допуштеност во случајот Weber and Saravia v. Germany и уште еднаш ја резимира својата судска пракса за барањето за законска предвидливост во оваа област на следниот начин: „Во својата судска пракса за тајни мерки на следење, Судот ги утврди следните минимални заштитни мерки што треба да се предвидат во законодавството за да се избегнат злоупотреби на овластувањето: природата на делата за кои може да се издаде наредба за пресретнување; дефиниција на категориите на лица што подлежат на прислушување на нивните телефони; ограничување на времетраењето на телефонското прислушување; процедурата што треба да се следи за испитување, користење и чување на добиените податоци; мерките на претпазливост што треба да се преземат при доставувањето на податоците до други страни; и околностите во кои снимките може или мора да се избришат или лентите да се уништат.“*

*Оспорените одредби од Законот, оттука, поради непрецизноста на употребените изрази, недоуреденоста по однос на условите и процедурата во која може да дојде до отстапување на загара-нтираното уставно право на приватност, според оцена на Судот, преставуваат реална закана од самоволно и произволно мешање на државните органи во приватниот живот и преписката на граѓаните кое што може негативно да се одрази на честа и угледот на граѓаните без за тоа да има реална основа во Уставот и законите. Поради ваквата состојба оспорените одредби, не можат да се интерпретираат како одредби кои ги гарантираат основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот како темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија“.*

5. **Дали уставниот суд во своите одлуки редовно упатува на јуриспруденцијата на Судот на правдата на Европската унија и/или на Европскиот суд за човекови права? Кои се најзначајните примери?**

Во однос на јуриспруденцијата на Европскиот суд за човекови права, види одговор на претходното прашање.

Во однос на Суд на правдата на Европската унија, Уставниот суд на Република Македонија во своите одлуки сеуште се нема повикано на неговата јуриспруденција.

6. **Дали постојат примери на дивергентност во одлуките донесени од страна на уставниот суд и оние на европските судови?**

Не постои таков пример.

7. **Дали другите национали судови исто така ја земаат предвид јуриспруденцијата на европските судови како резултат на тоа што Уставниот суд во своите одлуки води сметка за таа практика?**

За разлика од Уставниот суд во однос на кој не постојат изричити уставни ниту законски одредби што би го обврзувале на задолжителна примена на јуриспруденцијата на Европскиот суд за правата на човекот, таква обврска за другите национални судови е воспоставена со повеќе закони.

Имено, во Законот за судовите, во рамките на надлежноста на Врховниот суд на Република Македонија, е определена надлежност на Врховниот суд да одлучува по барање на странките и другите учесници во постапката за повреда на правото на судење во разумен рок, при што Законот во членот 35 став 1 точка 6, предвидува обврска Врховниот суд тоа да го прави: „во согласност со правилата и принципите утврдени со Европската конвенција за човекови права и основни слободи и тргнувајќи од судската пракса на Европскиот суд за човекови права".

Наведената одредба (член 35 став 1 точка 6 од Законот за судовите) беше предмет на оценка пред Уставниот суд, кој со Решение **У.бр.104/2008** од 20 ноември 2008 година утврди дека истата е во согласност со Уставот на Република Македонија.

Подносителот на иницијативата сметаше дека според Уставот, во Република Македонија не се прифаќало прецедентното право односно судската практика како извор на правото, дека судовите суделе врз основа на Уставот, законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот, и дека спротивно на Уставот, со оспорената одредба му се давала надлежност на Врховниот суд да одлучува по барања за повреда на правото на судење во разумен рок раководејќи се од судската пракса на Европскиот суд за човекови права.

Уставниот суд поаѓајќи од супсидијерноста на европскиот систем на заштита на човекови права воспоставен со Европската конвенција за човекови права оцени дека: *„со предметната законска регулатива не се негира Конвенцијата, туку напротив, станува збор за исполнување на позитивна обврска на државата утврдена во членот 13 од Конвенцијата... Понатаму, Судот оцени дека од аспект на надлежноста на Врховниот суд на Република Македонија во оспорениот член 35 став 1 точка 6 од Законот, да одлучува во согласност со правилата и принципите утврдени со Европската конвенција за човекови права и основни слободи и тргнувајќи од судската пракса на Европскиот суд за човекови права, не е спорно дека Конвенцијата е дел од внатрешниот правен поредок на Република Македонија, но текстот на Конвенцијата е нераскинливо поврзан заедно со интерпретацијата од страна на Европскиот суд за човекови права. Врховниот суд во примената на Конвенцијата секако нема да ја постигне нејзината реална имплементација ако се задржи на текстуалниот контекст и негово толкување надвор од јуриспруденцијата на Судот во Стразбур. Практично, тоа значи дека ако домашниот суд ја интерпретира одредбата од Конвенцијата како што пишува без да води сметка и да има увид во праксата на Судот во Стразбур и неговите принципиелни интерпретативни стојалишта, нема да може да ја обезбеди заштитата на правото*“.

Со ова укажување, практично Уставниот суд даде јасна насока до судовите, дека примената на Европската конвенција за човекови права претпоставува користење на судската практика на судот во Стразбур, а се со цел за ефикасна заштита на правата гарантирани со Конвенцијата од страна на домашните судови.

Понатаму, во Законот за парнична постапка (кој ја уредува постапката пред судот во граѓанските предмети), меѓу другите вонредни правни лекови, предвиден е и правниот лек Повторување на постапка по повод конечна пресуда на Европскиот суд за човекови права во Стразбур (член 400).

Одредбата предвидува дека: „Кога Европскиот суд за човекови права ќе утврди повреда на некое човеково право или на

основните слободи предвидени во Европската конвенција за заштита на основните човекови права и слободи и во Дополнителните протоколи на Конвенцијата, кои Република Македонија ги ратификувала, странката може во рок од 30 дена од конечноста на пресудата на Европскиот суд за човекови права да поднесе барање до судот во Република Македонија кој судел во прв степен во постапката во која е донесена одлуката со која е повредено некое од човековите права или основните слободи за измена на одлуката со која тоа право или основна слобода е повредена".

Обврската на судовите за примена на јуриспруденцијата на Судот во Стразбур при одлучувањето за овој правен лек, произлегува од ставот 3 на член 400 во кој е определено дека: „Во повторувањето на постапката судовите се должни да ги почитуваат правните ставови изразени во конечната пресуда на Европскиот суд за човекови права со која е утврдена повреда на основните човекови права и слободи".

Слична обврска за судовите е формулирана и во еден од поновите закони (усвоен кон крајот на 2012 година, со кој беше извршена декриминализација на клеветата и навредата) - Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда. Овој закон ја гарантира слободата на изразување и информирање, при што во членот 2 став 2 определува дека ограничувањата на слободата на изразување и информирање законски се уредуваат со определување стриктни услови за граѓанска одговорност за навреда и клевета, во согласност со Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи и практиката на Европскиот суд за човекови права. Во наведениот закон, исто така е определена обврска за судот за примена на Европската конвенција и практиката на Европскиот суд за човекови права. Имено во членот 3 од Законот е определено дека ако судот со примена на одредбите од овој закон не може да реши определено прашање поврзано со утврдувањето на одговорноста за навреда или клевета, или смета дека постои законска празнина или судир на одредбите на овој закон со Европската конвенција за заштита на основните човекови права, врз начелото на нејзиното предимство над домашното право, ќе ги примени одредбите од Европската конвенција за заштита на основните човекови права и становиштата на Европскиот суд за човекови права содржани во неговите пресуди.

Наведените законски одредби овозможуваат директна примена на правилата и практиката на Европскиот суд за човекови права од страна на редовните судови во Република Македонија и тие претставуваат пионерски чекор за послободен влез на судската практика како извор на правото и во Република Македонија. Имајќи ги предвид актуелните предмети против државата пред Европскиот суд, како и неговата практика, сосема е извесно дека во блиска иднина пред законодавната власт на државата ќе се наметне и потребата од поголем

исчекор во правец на утврдувањето на судската практика (домашна и интернационална) како извор на правото во РМ, со што и нормативно ќе се потврди правната реалност и практика во која кругот на меѓународни извори на правото е значително проширен.

**8. Дали постојат примери кога врз одлуките на Европските судови за правдата влијаела јуриспруденцијата на националните уставни судови?**

Не е познат таков пример.

## II. ИНТЕРАКЦИИ ПОМЕЃУ УСТАВНИТЕ СУДОВИ

**1. Дали уставниот суд во своите одлуки упатува на јуриспруденцијата на другите европски и не-европски уставни судови?**

Во конечниот текст на своите одлуки, Уставниот суд на Република Македонија не упатува на странската судска практика, односно на јуриспруденцијата на другите уставни судови во Европа и во светот. Меѓутоа, при подготовката на предметот, во рефератот што се поднесува на седницата на Судот, Уставниот суд мошне често дава компаративен приказ на законодавството на другите земји по однос на конкретното, спорно прашање што се покренува со предметот, како и приказ на судската практика на другите уставни судови по исто или слично прашање.

Како извор на информации во оваа смисла Уставниот суд ја користи обемната база на уставно-судска практика на Венецијанската комисија – базата **CODICES** во која партиципира и Уставниот суд на Република Македонија, а одвреме навреме и Уставниот суд на Република Македонија преку офицерот за врски на Венецијанската комисија, упатува барања до **Форумот** на Венецијанската комисија, преку кој се добиваат одговори за законодавството и уставно-судската практика на другите уставни судови во Европа и пошироко. Во случај кога Уставниот суд бара податоци и информации преку Форумот на Венецијанската комисија, кон рефератот за седница по конкретниот предмет, се приложува приказ и анализа на добиените информации за странското законодавство и странска судска практика.

**2. Доколку да, дали уставниот суд има тенденција да упати првенствено на судската практика од истото јазично подрачје?**

Јазикот не претставува решавачкки критериум за тоа која странска уставно-судска практика ќе ја земе предвид Уставниот суд при разјаснувањето на определени спорни прашања. Исклучок, кога Уставниот суд упатува на судската практика од земјите на поранешна Југославија (Словенија, Хрватска, Србија, Црна Гора итн.) но и тука не толку поради сличноста на јазиците, туку поради фактот што овие држави споделуваат заеднички правни традиции и имаат мошне слично законодавство во повеќе области (особено во кривичната и граѓанската сфера).

3. **Во кои гранки од правото (граѓанско, кривично, јавно право) уставниот суд најчесто упатува на јуриспруденцијата на другите европски и не-европски уставни судови?**

   Во сите гранки од правото, а особено во сферата на човековите слободи и права.

4. **Дали одлуките на уставниот суд имале забележливо влијание врз судската практика на странските уставни судови?**

   Нема такви информации.

5. **Дали постојат форми на соработка кои одат над взаемното признавање на судските одлуки**?

Уставниот суд на Република Македонија соработува со повеќе уставни судови од европските земји.

Во рамките на мултилатералната соработка, Уставниот суд од 1997 година е полноправен член на Европската конференција на уставните судови и активно учествува на конгресите на оваа конференција.

Од 2008 година Уставниот суд е член на ACCPUF (асоцијацијата на уставни судови што ја споделуваат употребата на францускиот јазик), а од 2011 година Уставниот суд пристапи и кон Светската конференција за уставна правда.

Во рамките на регионалната соработка, Уставниот суд на Република Македонија активно учествува на тркалезните маси што на секои две години ги организираат уставните судови од земјите на поранешна Југославија. Во 2010 година Уставниот суд на Република Македонија беше домаќин на тркалезната маса на тема „Независност на уставните судови“ што се одржа во Охрид.

Уставниот суд остварува поблиска билатерална соработка со уставните судови на Словенија, Србија, Хрватска, Црна Гора, Босна и

Херцеговина, Косово, Албанија, Бугарија, Турција и со Уставниот суд на Руската Федерација. Со Уставниот суд на Република Турција потпишан е Меморандум за соработка во рамките на кој се остварува поблиска соработка преку взаемни студиски посети на судиите и стручните соработници од двата суда.

## III.ИИНТЕРАКЦИИ НА ЕВРОПСКИТЕ СУДОВИ ВО ЈУРИСПРУДЕНЦИЈАТА НА УСТАВНИТЕ СУДОВИ

1. **Дали упатувањето на правото на Европската унија или упатувањето на одлуките на Судот на правдата на европската унија во јуриспруденцијата на Европскиот суд за човекови права има влијание врз јуриспруденцијата на уставниот суд?**

2. **Како јуриспруденцијата на уставните судови влијае на врската помеѓу Европскиот суд за човекови права и Судот на правдата на Европската унија?**

3. **Дали разликите помеѓу јуриспруденцијата на Европскиот суд за човекови права од една и Судот на првдата на Европската унија од друга страна, има влијание врз јуриспруденцијата на уставниот суд?**

Со оглед на тоа што Република Македонија не е сеуште членка на Европската унија и фактот што Уставниот суд сеуште не се повикува на јуриспруденцијата на Европскиот суд на правдата, не може да се даде одговор на наведените прашања.